## GS1 Македонија на Форум во Париз, Република Франција - МЕЃУНАРОДНА ВЕРИФИКАЦИЈА НА УСПЕШНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА

Европската GS1 организација во рамките на своите редовни годишни активности организираше Форум (15-16.10.2008 година, Париз), на којшто учествуваа околу 250 GS1 делегати (менаџментот на националните GS1 организации, корисници на GS1 системот и „solution providers“ ) од 44 европски земји-членки на GS1 во Европа.

GS1 Македонија го презентираше својот модел „Македонски систем на цертифицирана акредитација“, кој имаше и претходна светска промоција со објавувањето на веб-порталот на Меѓународната GS1 организација, заземајќи ударно место меѓу селектираните топ 10 најексклузивни новости од светот.




GS1 Македонија и во оваа пригода имаше ексклузивен третман, бидејќи беше единствена национална организација која организаторите ја вклучија во агендата, и` овозможија јавна презентација и ја објавија презентацијата на веб-порталот, со што е постигнато:

- меѓународна афирмација, зголемена препознатливост и подобрување на рејтингот на GS1 Македонија во рамките на GS1 заедницата, а индиректно и на Република Македонија;
- добиено признание и честитки за уникатното решение, неговата апликативна примена, постигнатите резултати од имплементацијата, како и за високиот професионализам во презентирањето на “Македонскиот систем на цертифицирана акредитација”;
- моделот на GS1 Македонија за акредитација е прифатен како поттикнувачки

модел за примена во останатите земји-членки, со прилагодување на националните потреби при  примената во разни сектори на GS1 системот.

Системот на акредитација во светски рамки е уникатен, оригинален, сопствена креација на GS1 Македонија. Со системот на акредитација, како своевиден бонитет на членката,  се обезбедува популаризирање  и промовирање на фирмите коишто редовно ги намируваат обврските по основа на користење на GS1 стандардите во своето деловно работење.
Системот на цертифицирана акредитација претставува нов модел за утврдување и за промоција на успешноста и на деловната етика на фирмите - членки на GS1 Македонија и промоција на успешните фирми заслужни за развојот и за имплементацијата на GS1 системот во Република Македонија.

Системот на цертифицирана акредитација треба да придонесе за:
• легално, и во согласност со важечките меѓународни стандарди од областа, униформно и еднозначно баркодирање на производите и услугите во Република Македонија;
• зголемен рејтинг на компаниите-членки на GS1 Македонија;
• диференцијација и градација на членките на GS1 Македонија според рејтингот;
• намалување на деловниот ризик, порационално и попродуктивно работење во производството и трговијата;
• зголемена национална и меѓународна конкурентност на фирмите-членки на GS1 Македонија;
• јакнење на информираноста на стопанските субјекти, со што се намалува ризикот, а се зголемува сигурноста во дистрибутивниот синџир;
• заштита од фалсификување и/или неовластено користење на GS1 компаниските префикси за баркодирање;
• зголемена заштита  на брендот и интелектуалната сопственост;
• намалување на „сивата„ економија;
• формирање на GTIN регистар за цертифицирани македонски трговски производи и  GLN  регистар за цертифицирани македонски компании;
• навремено и точно ажурирање на меѓународната  GEPIR база/регистар на податоци за членките.

Слаѓана Милутиновиќ